ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19), член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19) и член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2019**

**за вработување на неопределено работно време на 1 (едно ) овластено службено лице во областа на безбедноста во ТППЕ Гевгелија**

Општината Гевгелија има потреба од вработување на неопределено работно време на 1 (еден ) овластен службеник во областа на безбедноста за следното работно место:

**1.Командир на Територијалната противпожарна единица Гевгелија** - реден број 83, шифра - ПОЖ 0210 А04 000, број на извршители -1 (еден);

**општи услови:**

-кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место,

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и

- активно да го користи македонскиот јазик;

**општи работни компетенции на напредно ниво:**

-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг, учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа, стратешка свест, ориентираност кон засегнати страни, и раководење.

**работни задачи и обврски:**

-раководи со ТППЕ - Гевгелија;

-ја организира, координира и следи работата на единицата во извршувањето на работите и задачите од областа на противпожарната заштита во согласност со законите, подзаконските прописи и други општи акти;

-изготвува програми за работа на противпожарната единица;

-изготвува извештаи за извршување на програмите за работа;

-ја спроведува програмата за обука на вработените;

-се грижи за исправноста на опремата и другите средства со кои располага единицата како и личната опрема на вработените;

-одговорен е за функционирање на единицата во случај на итни интервенции за спасување на животот и заштита на имотот на граѓаните загрозен од пожари, експлозиви и природни катастрофи;

-одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите на единицата.

**посебни услови:**

-стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-работно искуство: најмалку пет години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж;